# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.69 од 14.05.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 13/2003), членот 10 се менува и гласи:

„(1) Плаќањето на средствата од извршената продажба, односно плаќањето на средствата од закупнината на деловниот простор кој е во сопственост на субјектот од членот 2 од овој закон, се врши на сметка на сопственикот.

(2) Плаќањето на средствата од извршената продажба на деловниот простор даден на стопанисување или на користење на субјектите од членот 2 од овој закон, се врши на сметка на Буџетот на Република Македонија.

(3) Плаќањето на средствата од закупнината на деловниот простор даден на стопанисување на субјектите од членот 2 од овој закон се уплаќаат на субјектите кои стопанисуваат со деловниот простор, а средствата од закупнината на деловниот простор даден на користење на субјектите од членот 2 од овој закон се уплаќаат на сметка на Буџетот на Република Македонија."

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".